Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 12.04.2023

На 11.04.2023, полициски службеници од полиција при СВР Битола го лишиле од слобода С.Б.(28) од Битола. Тој се сомнили дека на 04.04.2023 со употреба на сила и погоден алат влегол во деловна просторија на бул.„1 Мај" во Битола и одзел предмети. С.Б. бил задржан во полициска станица и во службен разговор го признал делото, а одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.04.2023 околу 21.20 часот во дворното место на Т.Ј. во село Дедино, радовишко, полициски службеници од ОВР Радовиш пронашле товарно возило „ман" со радовишки регистарски ознаки, натоварено со 11 кубни метри огревни дрва. Притоа, во координација со Шумска полиција Радовиш било утврдено дека лицето не поседува соодветна документација за огревните дрва, по што товарното возило и дрвата биле одземени и пренесени во кругот на Јавното претпријатие „Национални шуми" - подружница „Плачковица" Радовиш за натамошна постапка. Нешто пред тоа, во 10.40 часот, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш во координација со работени од Шумска полиција Радовиш извршиле контрола и во дворно место на Ѓ.Ѓ.(53) од село Коцилија, радовишко, пронашле поголема количина дабови огревни дрва. При контрола било утврдено дека лицето не поседува соодветна документација за 4 кубни метри огревни дрва, по што тие биле одземени и пренесени во кругот на Јавното претпријатие „Национални шуми" подружница „Плачковица" Радовиш за натамошна постапка. По документирање на случајот ќе следуваат соодветни пријави.

На 12.04.2023 во 01.20 часот пред казино на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Е.Б.Б.(30) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.04.2023 на ул.Пере Тошев" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Е.Ш.(35) и Е.Р.(35), двајцата од Прилеп. При преглед на патничко возило „фолксваген голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Е.Ш., а сопатник бил Е.Р.(35), кај Е.Ш. била пронајдена и одземена прашката материја. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.04.2023 на патот Градско-Прилеп (превој Плетвар), полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Г.Ј.(54) од Прилеп и З.Р.(53) од Прилеп. При преглед на патничко такси возило „ауди а4" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Г.Ј., во кое се превезувал З.Р., биле пронајдени кеси со 4.000 капсули трамадол без документација. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.04.2023 vo 18.25 часот од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај них бил донесен малолетник од Скопје, кој според пријавеното подлегнал на повредите како последица од напад од куче, сопственоста на неговиот сосед Н.Г.. Известен е јавен обвинителот по чија наредба телото е предадено за обдукција и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (11.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 264 возачи. Од нив 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 132 возила ја пречекориле брзината во населено место, а исто толку (132) надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (11.04.2023), во периодот од 09.00 до 14.00 часот, Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 220 пешаци од кои, 204 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин... За време на контролата санкционирани се и 107 други видови на прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (11.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 203 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 63 санкции, осум мерки за возачка дозвола, 32 санкции за прекршоци што ги прават пешаците. Изречени се 18 санкции за непропишно престојување на возила, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет санкции за недевање првенство на минување на пешаци...

На 11.04.2023 во периодот од 09.00 до 14.00 часот Секторот за внатрешни работи Битола спроведе акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 37 пешаци.
За време на контролата регистрирани се и 4 останати прекршоци.

На 11.04.2023 во периодот од 09.00 до 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата биле констатирани и санкционирани 31 прекршок (ТЕ-23 и ГВ-8). Сите се однесувале на преминување на улиците надвор од обележан пешачки премин, по што на пешаците-прекршителите им биле изготвени соодветни поднесоци, со напомена дека предвидените парични глоби за важните прекршоци се движат од 20 до 50 евра во денарска противвредност, а прекршителите ќе бидат повикани и на таканаречена сообраќајна поука. При контролата, исто така, санкционирани се и 15 (ТЕ) други видови прекршоци.

На 11.04.2023 во периодот од 09.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. За време на контролата биле констатирани 22 прекршоци, од кои 20 за преминување надвор од пешачки премин и 2 за некористење површина наменета за пешаци. Истиот ден, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 9 во населено место и 4 надвор од населено место.
Санкционирани биле и 9 други видови на прекршоци, од кои 3 без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 1 за непрописно паркирање.

На 11.04.2023 во 08.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Иван Хаџи Николов" во Скопје, патничко возило „Фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Ј.(57) од с.Долно Лисиче, удрило во пешакот Ј.Т.(37) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.04.2023 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Визбегово, скопско, патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Ј.(52), удрило во пешаците Љ.С.(79) и И.Т.(61), двајцата од с.Визбегово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата пешаци и возачот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.04.2023 во 21.30 часот во Полициската станица Чаир, С.В.(23) од Скопје пријавила дека во населбата Радишани била каснат од куче скитник.

На 11.04.2023 во 14.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на крстосницата од бул.„Видое Смилевски-Бато" со ул.„Љубо Божиноски-Пиш" во Тетово, патничко возило „бмв" удрило во пешакот А.Б.(45) од Тетово, по што го напутнило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.04.2023 во 20.25 часот во Полициската станица Аеродром, А.Т.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Блажо Орландиќ" била касната од куче скитник.

На 11.04.2023 од страна на ИСР Битола при РЦ за ГР Југ во заедничка акција со Државниот инспекторат за труд, на градилиште во Битола се затекнати три лица турски државјани, како извршуваат градежни работи без да поседуваат работни дозволи. Од страна на ИСР странските државјани се приведени, против нив се поднесени прекршочни пријави и изведени пред Судија за прекршоци. Од страна на Државниот инспектор за труд се превземени соодветни мерки против изведувачот на градежните работи.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.А.(66) од с.Колибари, кичевско, со престојувалиште во Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Пријавениот, во текот на 2019 година набавил фалсификуван сертификат за познавање на англиски јазик со намера да се вработи како директор на државниот студентски дом „Томе Стефановски Сеник". Сертификатот го заверил на нотар во Кичево, по што го приложил при аплицирање за вработување како директор во наведениот студентски дом.

На 11.04.2023 во СВР Битола, А.П.(50) од Прилеп пријавил дека во с.Мраморани, прилепско, пронашол предмети кои наликувале на гранати. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола излегол на местото и било констатирано дека се работи за осум парчиња мини минофрлачи калибар 75мм од Првата светска војна. Пронајдените минофрлачи биле подигнати за понатамошна постапка.

На 11.04.2023 во 14.30 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека во кругот на објектот била пронајдена марихуана. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.04.2023 во периодот од 09.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се сообраќајни контроли кои полициите како учесници во сообраќајот. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 43 пешаци кои небезбедно преминувале улица (Охрид-09, Струга-22, Кичево-10, Дебар-02).

ОВР Струга поднесе кривична пријава против В.Ц.(44) од струшкото село Октиси поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „кражба". Тој, на 05.03.2023 со употреба на копија од клуч влегол во домот на Т.М.(62) од истото село и одзел пари. По преземени мерки од полициски службеници, парите биле пронајдени и вратени на оштетената.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.И.(47) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". При претрес во неговото патничко возило „ауди" на ул.„АСНОМ" во Охрид, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана и кокаин.

На 11.04.2023 во 20.15 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за насилен криминал-Одделение за семејно насилство при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Д.(35) од Скопје затоа што упатил закани кон неговата 34 - годишна поранешна сопруга, агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија и кај него биле пронајдени два ножа. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 11.04.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје, Д.К.(32) од Скопје пријавил дека околу 12.20 часот на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање во сообраќајот, едно лице го нападнало со остар предмет и му нанело повреда на рака. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.04.2023 во 14.15 часот во ОВР Струга, Х.Т.(27) од струшкото село Ложани пријавил дека на улица „Владо Малески" во Струга бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против четири 17-годишници од тетовските села Спатино, Долно Палчиште, Бродец и Долна Лешница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 19.10.2022 во близина на средно училиште во Тетово, полициски службеници кај пријавените пронашле и одзеле марихуана.

ОВР Валандово поднесе кривична пријава против К.М.(25) од с.Пирава, валандовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.02.2023 во с. Пирава, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при кој притоа пронашле и одзеле семки од канабис.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.Б.(57) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без соодветна за лиценца". На 22.02.2023 во Тетово, полициски службеници запреле патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што било констатирано вршел јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 11.04.2023 во Полициската станица Виница било пријавено дека околу 12.00 часот во училница во средно општинско училиште во Виница, по претходна меѓусебна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу малолетник и малолетничка. По комплетирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.04.2023 околу 15 часот на Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници лишиле од слобода две лица Е.А. (32) и Е.Б. (31) поради основи на сомнение за сторено кривично дело неовластено навлегување во всеми објекти и правење скици или цртежи на воени објекти и борбени средства. Лицата биле задржани во полициска станица, известен е јавен обвинителот и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.